Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *Македонски јазик* за I одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

I Одделение

Септември 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени програмски подрачја и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 6 часа неделно, односно вкупно 192 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* во прво одделение се реализира во учебната 2020/2021 година.

2. **Преглед на програмски подрачја и наставни единици**

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: СЛУШАЊЕ И ГОВОРЕЊЕ (75 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Ајде да се запознаеме<br>2. Запознавање со другарчињата<br>3. Разговор на тема: „Јас и моите другари“<br>4. Разговор на тема: „Јас и моето семејство“<br>5. Разговор на тема: Што можев да правам, а што можам да правам сега“<br>6. Разговор на тема: „Што несакам да бидам кога ќе пораснам“<br>7. Разговор на тема: „Што ти се допаѓа во твојата училница“<br>8. Разговор на тема: „Мојот прв училиштен ден“<br>9. Предлагаме правила за однесување во училницата<br>10. Разговор на тема: „Што ќе се случи ако не ги почитуваме правилата на однесување во училницата“<br>11. Што ќе бидам кога ќе пораснам-пантонима<br>12. „Кој што работи во училиште“- разговор<br>13. Разговор на тема: „Што ме прави среќен“;<br>14. Игра „Познај по ликот“<br>15. Разговр на тема: „Што ме лути“<br>16. Разговр на тема: „Што ме растажува“<br>17. Самостојно раскажување „Како го прославив мојот роденден“<br>18. Разговор на тема: „Зошто одиме на училиште?“<br>19. Како разговараме по телефон<br>20. Игра „Пантомима“<br>21. Вежби за правилно дишење<br>22 Активности за вежбање на културно обраќање<br>23. Артикулација на гласовитет „ц“ и „ч“<br>24. „Кој каде живее“- одговори на поставени прашања<br>25. Начини на говорење: брзо и бавно, гласно и тивко<br>26. Говорна вежба: „Есен“ |

| |
|---|
| 27. Артикулација на гласовите „ж“ и „„ш“<br>28. Артикулација на гласовите „р“ и „л“<br>29. Разговор на тема: „Како треба да се однесуваме во продавница, во училиште, во театар...“<br>30. Артикулација на чласовите „к“ и „т“<br>31. Артикулација на чласовите „ѓ“ и „ќ“<br>32. Артикулација на чласовите „џ“ и „љ“<br>33. Артикулација на чласовите „з“ и „ѕ“<br>34. Од збор до реченица<br>35. Вежби за активно слушање<br>36. Разговараме на телефон<br>37. Гатанки (за човечко тело, зеленчук, животни...)<br>38. Невербален говор -Покажи со својот лик и држење на телото каков/каква си кога си тажен/а, среќен/а, лут/а<br>39. Кажи според изразот на лицето дали некој е среќен, лут, тажен, исплашен..<br>40. Вежби за практикување реченици за прашување<br>41. Вежби за практикување реченици за одрекување и потврдување<br>42. Кој што работи и што користи (по серија слики)<br>43. Разговор на тема: „Што би ми рекол/рекла ако сум лут/а, тажен/а...“<br>44. Вежби за практикување  реченици за раскажување<br>45. „Што ќе направам околината да ја разубавам “<br>46. Говорна игра за откривање на испуштени зборови во реченицата<br>47. Начин на говорење -Брзозборки<br>48. Говорна игра „На глас, на глас“<br>49. Раскажување на настан по сеќавање  „ Семејна прослава”<br>50. Игра „Во библиотека“<br>51. Слушање со разбирање на слушнатото –сликовница „Портокали за секого”<br>52. Видови зборови (имиња на предмети, лица)<br>53. Видови зборови ( имиња на состојби, дејства, празници)<br>54. Вербално решавање на проблемски ситуации<br>55. Вежби за пристојно и љубезно обраќање<br>56. Активности во кои ученикот се става во туѓа улога според сопствен или насочен избор |

57. Групирање на зборови според конкретно својство  (сообраќајни средства, домашни животни)
58. Откриј ја професијата по разговорот
59. Зборови со спротивно значење -говорна игра
60. Артикулација на гласовите „ф“ и „х“
61. Слушање на различни гласови и звуци
62. Слушање тивок и гласен снимен говор и коментирање за разликите
63. Слушање бавно и брзо говорење и коментирање за разликите
64. Слушање уметничко читање на текст од страна на наставникот
65. Опишување на лични искуства поврзани со телефонски раговори
66. Активно слушање на цел текст, на делови од текст
67. Слушање и анализирање на приказна
68. Погоди кои гласови се испуштени
69. Говорна игра за откривање на испуштени зборови во реченицата
70. Именување според заеднички својства
71. Вежби за поставување прашања и давање одговор со целосна реченица
72. Игра „Лото“
73. Измислување реченици според дадени зборови
74. Слушање различни говорни ситуации и толкување на суштината на говорот според типот на речениците (дали нешто прашува, соопштува или одрекува)
75. Разговор за приказна, басна-прашува ученик, одговара ученик

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЛИТЕРАТУРА (52 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Приказна за името<br>2. Читање на текстот „Татковина“ (или друг по избор)<br>3. Обработка на стихотворба „Како поздравувам“ (или друга по избор) |

4. Рецитирање на стихотворба „Како поздравувам“ (или друга по избор)
5. Обработка на стихотворбата „Што ќе бидам кога ќе пораснам“ (или друга по избор)
6. Рецитирање на стихотворбата „Што ќе бидам кога ќе пораснам“ (или друга по избор)
7. Обработка на текст „Мравката во училиште“ (или друг по избор)
8. Разговор за ликовите во текстот „Мравката во училиште“ (или друг по избор)
9. Читање на текстот „Волшебен збор“ (или друг по избор)
10. Читање на текстот „Октомври е светол празник“ (или друг по избор)
11. Читање на на текстот „Огледалце“ (или друг по избор)
12. Обработка на стихотворба „Есен“ (или друга по избор)
13. Рецитирање на стихотворбата „Есен“ (или друг по избор)
14. Обработка на текст „Црвеното јаболко“ (или друг по избор)
15. Разговор за тоа кои се ликовите и каде се случувало дејствието во текстот „Црвеното јаболко“ (или друг по избор)
16. Обработка на текст „Скршената кукла“ (или друг по избор)
17. Разговор за тоа кои се ликовите, каде и кога се случувало дејствието во текстот „Скршената кукла“ (или друг по избор)
18. Читање на текст „Принцезата во хартиена вреќа“ (или друг по избор)
19. Опишување на главните ликови во текстот „Принцезата во хартиена вреќа“ (или друг по избор)
20. Следење на електронската сликовница „Носот на куклата“ (или друга по избор)
21. Разговор за тоа кои се ликовите, каде и кога се случувало дејствието во сликовницата „Носот на куклата“ (или друг по избор)
22. „Под чадорчето на мечката“- приказна (или друга по избор)
23. Обработка на текст „Дедо Медо и крушата“ (или друг по избор)
24. Драматизација на текст „ Дедо Медо и крушата“ (или друг по избор)
25. Обработка на текст „Малото црвено лале“ (или друг по избор)
26. Драматизација на „Малото црвено лале“ (или друг по избор)
27. Обработка на приказна „Волкот и 7 јарињa“
28. Разговор за тоа кои се ликовите, каде и кога се случувало дејствието во приказната „Волкот и 7 јарињa“
29. Обработка на приказна „Трите прасиња“
30. Раскажување на приказната „Трите прасиња“
31. Легенда за местото на живеење

32. Басна „Штурецот и мравката“ (или друга по избор)
33. Басна„Желката и зајакот“ (или друга по избор)
34. „Приказна за кртот Чипсо“
35. Разговор за тоа кои се ликовите, каде и кога се случувало дејствието во текстот „Приказна за кртот Чипсо“
36. Обработка на текст за пролетта
37. Раскажување на текстот за пролетта
38. Обработка на текст за екологијата
39. Обработка на текст „Подарок за мама”
40. Разговор за тоа кои се ликовите, каде и кога се случувало дејствието во текстот „Подарок за мама“
41. Обработка на приказна „Дедо и репка”
42. Тек и редослед на настаните во приказната „Дедо и репка”
43. „Испревртена песна“
44. Басна „Штркот и лисицата“
45. Разговор на тема: „Како ти би се однесувал да си лисица или штрк“ (според обработената басна „Штркот и лисицата“)
46. Препознај ликови од познати приказни
47. Следење на електронска сликовница „Денот на Пеце“ (или друга по избор)
48. Тек и редослед на настаните во сликовницата „Денот на Пеце“ (или друга по избор)
49. Сликовница „Оп стоп“ (или друга по избор)
50. Тек и редослед на настаните во сликовницата „Оп, стоп“ (или друга по избор)
51. Стихотворба „Семафор“ (или друга по избор)
52. Рецитирање на стихотворбата „Семафор“ (или друга по избор)

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (20 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Роденден на мојата татковина –разговор по слики |

| |
|---|
| 2. Ја опишуваме нашата училница<br>3. Мојот прв училиштен ден-раскажување<br>4. „Снежана и седум џуџиња“-прераскажување<br>5. Како го прославив роденденот-раскажување по сеќавање<br>6. Прераскажуваме гледана куклена претстава<br>7. Ги опишувам моите другари<br>8. Измислуваме приказна според серија слики<br>9. Говорно творештво на тема: зима, пролет<br>10. Опишуваме животни<br>11. Опишуваме зеленчукови плодови<br>12. Бројалки<br>13. Погодуваме гатанки и измислуваме нови гатанки<br>14. Говорна игра „Дополнувај зборови“<br>15. Правиме сликовница за овошје<br>16. Измислуваме шеги и необични имиња на предметите<br>17. Кога патував на Марс-измислуваме приказна<br>18. Измислуваме крај на приказната<br>19. Говорно творештво на тема: пролет<br>20. Правиме сликовница за животни |
| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: МЕДИУМСКА КУЛТУРА (15 ЧАСА) |
| **Наставни единици:**<br>1. Гледаме ТВ-емисија за деца<br>2. Што е радиоемисија за деца<br>3. Гледаме анимиран филм (цртан)<br>4. Гледаме детски филм<br>5. Следиме детска серија<br>6. Разговараме за детската серија<br>7. Следиме куклена претстава<br>8. Правиме куклена претстава |

9. Следиме театарска претстава
10. Разговараме за театарската претстава
11  Посета на училишната библиотека
12. Се запознаваме со детски списанија
13. Гледаме анимиран филм (куклен)
14. Разговараме за анимиран филм
15. Разгледуваме и разговараме за детски списанија

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОДГОТОВКА ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (30 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Разгледуваме и „читаме " сликовници<br>2. Илустрација и текст во сликовници<br>3. Набљудуваме и „читаме" симболи: семафор, WC, сообраќаен знак<br>4. Игра „Писмо"<br>5. Разликување глас на почетокот на зборот<br>6. Цртање предмети што започнуваат на одреден глас<br>7. Составување зборови од зададени гласови<br>8. Дополнување реченица со збор<br>9. Цртање елементи од различни предмети<br>10. Цртање елементи од буквите во фиксиран простор<br>11. Игри со коцки на кои има напишани букви<br>12. Препознавање на големите печатни букви А и Б<br>13. Препознавање на големите печатни букви В и Г<br>14. Препознавање на големите печатни букви Д и Ѓ<br>15. Препознавање на големите печатни букви Е и Ж<br>16. Препознавање на големите печатни букви З и Ѕ<br>17. Збор, глас, реченица<br>18. Цртаме елементи од буквите |

| |
|---|
| 19. Препознавање на големите печатни букви И и Ј<br>20. Препознавање на големите печатни букви К и Л<br>21. Препознавање на големите печатни букви Љ и М<br>22. Препознавање на големите печатни букви Н и Њ<br>23. Препознавање на големите печатни букви О и П<br>24. Препознавање на големите печатни букви Р и С<br>25. Препознавање на големите печатни букви Т и Ќ<br>26. Истражуваме различни материјали и средства за пишување<br>27. Препознавање на големите печатни букви У и Ф<br>28. Препознавање на големите печатни букви Х и Ц<br>29. Препознавање на големите печатни букви Ч и Џ<br>30 Препознавање на големата печатна буква Ш |

### 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* е редовната наставна програма (програмски подрачја, конкретните цели, поими, предложените активности, методи).

Детето уште од најрана возраст пројавува спонтана љубопитност и интерес за светот околу себе, така што нивните сознанија наставникот ќе ги користи и надградува на часовите по овој наставен предмет. Учествувајќи во дидактичките игри, во многуте разговори, вежби и со користење на разновидни средства и материјали, учениците го збогатуваат својот речник, ги препознаваат и правилно ги изговараат гласовите, што создава добра основа за описменување што ќе следи во второ одделение.

Активностите најчесто ќе се реализираат во училницата, во постојана вербална комунилација со својот наставник, а исто така, со користење на различни визуелни средства (фотографии, апликации, макети, сликовници, списанија, радио и ТВ емисии, со различни дигитални содржини и сл.).

Преку систематизирање, дополнување и реструктурирање на искуствените знаења на учениците и нивното доведување во врска со научните сознанија, детските знаења се надградуваат, проверуваат и применуваат. Организираните активности му овозможуваат на ученикот да се запознае со многу литературни дела, да усвои основни поими за медиумската култура, да ги препознава големите печатни букви од македонската азбука.

Наставниот час е со времетраење од 30 минути. При планирањето на наставниот час потребно е наставникот да го скрати воведниот дел од часот на најмногу 5 минути и преку соодветни техники да ги воведе и мотивира учениците за реализација на целите во учечко-поучувачките активности. Методите и активностите за поучување на учениците треба да се прилагодат на времетраењето на часот, а при тоа да се одржи квалитетот на поучувањето и учењето. Учечко-поучувачката активност треба да трае до 20 минути. Најефикасни методи на учење во наставата по *македонски јазик* се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Тоа значи дека секој ученик/ученичка треба да се опушти и активно да учествува во говорните вежби, игрите, вежбите за артикулација и дискриминација на гласовите, во драматизациите, активностите за говорно творештво, активно да слуша при читање на текстови, следење на филмови и сл. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси.. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење. Наставникот може да користи различни дигитални содржини, кои ќе ги објаснува на учениците со цел да го разберат она што го учат. Тој може самиот да подготвува/прилагодува содржини соодветни за наставниот предмет по *македонски јазик* или да користи изработени е-содржини што се на располагање на ЕдуИно итн. Во завршниот дел од часот се сумира она што е работено, се објаснува она што е нејсно или не го разбрале учениците, учениците со симболи покажуваат како се чувствувале на часот, што им било најинтересно и сл.

Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод, а, исто така, се препорачува флексибилност во организацијата на наставата. Тоа се овозможува со максимално почитување на холистичкиот приод при реализација на дневната тема, односно наставните часови за еден наставен ден. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема

/часовите по *македонски јазик* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со часовите од другите наставни предмети.

Реализацијата на програмските цели и постигнувањето на очекуваните резултати во рамките на еден наставен час со времетраење од 30 минути е олеснето со намалениот број на учениците со физичко присуство во училницата (15-20 ученици), со што значително се добива во време при дијагностицирањето на предзнаењата на учениците, како и при проверка на постигањата на учениците за време на часот, а со тоа останува повеќе време наставникот да се посвети на реализација на разновидни содржини во учечко-поучувачките активности.

При реализација на наставните часови по наставниот предмет *македонски јазик* со физичко присуство на учениците во училница задолжително се почитуваат протоколите за физичка дистанца и лична заштита,

Доколку наставната програма се реализира со учење на далечина, при постоење на потребни технички услови наставникот овозможува учениците што се дома истовремено да се вклучат и да ги следат часовите што се одвиваат во училницата. Ако не можат да се вклучат, тогаш наставникот прави распоред во колку ќе почне наставата на далечина, при што наставниот час исто така трае 30 минути.

Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се запамети и да се разбере определената содржина, како и да се примени стекнатото знаење. Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст, анимација, звук, презентација, но и да бидат достапни за учење на далечина. Изработените е-содржини треба да соодветствуваат на возраста на учениците и на целите/очекуваните резултати од наставната програма. Наставникот го презентира подготвените Е -содржини, а потоа објаснува, разговара со учениците, поставува прашања и им дава насока за самостојна работа.

Домашните задачи/самостојните задачи за учениците што ги задава наставникот треба да се усогласени со возраста на учениците.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* за прво одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/230
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска